**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**бр. 14-207/1**
**02.02.2023 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализација на Програмата за активности на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. За таа цел, Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.12.2021 година, донесе Програма на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година. За реализација на активностите во Програмата беа предвидени средства од Буџетот на Општина Гевгелија во висина од 150.000 денари.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, усвоени на седницата на Советот на Општина Гевгелија, одржана на 30.09.2022 година, буџетот за реализација на активностите во Програмата беше намален на 50.000 ден.

**<u>1. Преглед на активности и реализација на истите</u>**

| **Активност 1** | **вк. број учесници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства за жири-комисија и награди на учесниците (Буџетска програма – Х1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|---|---|
| **Литературен и Ликовен конкурс на тема: „Женски права“** | 38 | 8 | 30 | 23.331 ден. |

Општина Гевгелија, во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија и ЈОУ Градска библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, распиша Конкурс за есеј и Ликовен конкурс на тема: „Женски права“, како реализација на една од активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите. Конкурсот за есеј на тема: „Женските права во 21 век“ беше наменет за учениците од I до IV година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, додека Ликовниот конкурс на тема: „Женски права“, беше наменет за ученици од VI до IX одделение, во гевгелиските основни училишта.

За оценување на пристигнатите есеи и цртежи, од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија со Решенија беа формирани стручни комисии.

Комисијата во состав на професорките по македонски јазик и литература- Елизабета Инадеска Ефремова, Светлана Стојковиќ и м-р по психолошки науки, Мери Олумчева, од вкупно пристигнатите единаесет есеи на Конкурсот за есеј на тема: „Женските права во 21 век“, со одлука за најдобри ги оцени есеите на: Александра Василева од III-1 – Прва награда и Ирина Прошева од III-3 – Втора награда, под менторство на професорката Жаклина Атанасова и Сара Стамкова од II-9 – Трета награда, под менторство на професорката Даниела Џишева.

Наградите- решенија за исплата на награди во висина од 3.000 денари за Првата награда, 2.000 денари за Втората и 1.000 денари за Третата награда, како и дипломите, благодарниците и симболичните награди на сите учесници и ментори им беа врачени на Литературното читање во ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, која се одржа на 3.11.2022 година, во присуство на членови на Советот на Општина Гевгелија, претставници на општинската администрација, на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, невладиниот сектор, како и пратеници во Собранието на Република Македонија.

Комисијата во состав на м-р по уметности, Мирјана Крстева Массетти, м-р по уметности, Александар Јанев и член на интерсекторската група за родово-одговорно креирање на локални политики и буџетирање, Петар Јанчев, од пристигнатите 15 цртежи на Ликовниот конкурс, со одлука за најдобри ги оцени цртежите на: Павле Митров од ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци (Прва награда) под менторство на Анамарија Митриќеска Кал’чева, Теодора Манчева од ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија (Втора награда) под менторство на Адриана Манчева и Каја Јанковска од Ликовната работилница (Втора награда) под менторство на Александар Јанев и Живко Станчев и Софија Милосављевиќ од ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци под менторство на Анамарија Митриќеска Кал’чева (Трета награда).

Наградите- решенија за исплата на награди во висина од 3.000 денари за Првата награда, 2.000 денари за Втората и 1.000 денари за Третата награда, како и дипломите, благодарниците и симболичните награди на сите учесници и ментори им беа врачени на Ликовната изложба во Клуб-галеријата при Народен театар- Гевгелија, која се одржа на 14.11.2022 година, во присуство на членови на Советот на Општина Гевгелија, претставници на општинската администрација, на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, невладиниот сектор, како и пратеници во Собранието на Република Македонија.

## 1.2. Родово- разделена статистика

| **Конкурс за есеј на тема: „Женските права во 21 в.“** | **вкупно** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|---|
| жири-комисија | 3 | 0 | 3 |
| ученици | 11 | 0 | 11 |
| ментори | 6 | 1 | 5 |
| наградени | 3 | 0 | 3 |

| **Ликовен конкурс на тема: „Женски права“** | **вкупно** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|---|
| жири-комисија | 3 | 2 | 1 |
| ученици | 11 | 3 | 8 |
| ментори | 4 | 2 | 2 |
| наградени | 5 | 2 | 3 |

| **Активност 2** | **вк. број учесници** | **издвоени средства (Буџетска програма – Х1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|
| **Едукација на тема: „Нулта толеранција за родово базирано насилство“ – Кампања против семејно насилство врз жената** | жители на Општина Гевгелија | 1.500 ден. |

Општина Гевгелија во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија се приклучија во глобалната Кампања: „16 дена активизам за борба против насилство врз жените“ за одбележување на 25 Ноември, Меѓународниот ден за борба против семејното насилство врз жената. За таа цел, на јавните места, информативните табли и локалните институции во Гевгелија беа истакнати транспаренти со пораки за подигање на свеста и можноста за спречување на семејно насилство врз жената, но и спречување на семејно насилство воопшто, и врз мажите и децата:

- Како што ниеден маж нема право да крене рака на својата жена, така и ниедна жена нема право да крене рака на својот маж! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!
- Како што ниедна жена не треба да биде навредувана, туку почитувана, така и ниеден маж и ниедно дете не треба да бидат навредувани, туку почитувани! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!
- Ниту една жена, ниту еден маж и ниту едно дете не треба да се почувствуваат небезбедно, загрозено и несигурно во својот дом! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!
- Никој не треба да трпи семејно насилство! Потсети се на ова и пријави семејно насилство!
- Не дозволувај финансиите во семејството да бидат причина за злоупотреба! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!
- Телото на жена, маж или дете не е за искористување и за задоволување на сопствените сексуални нагони! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!
- Детето не е за ништо виновно на светот за да биде запоставено! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!

- Не сте силни ако ја покажувате својата сила кон послабите! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!
- Не дозволувај твојот близок да биде жртва на семејно насилство! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!
- И негрижата за старите и изнемоштени лица во семејството се смета за семејно насилство! Потсети се на ова и спречи семејно насилство!

| **Активност 3** | **вк. број учесници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма – Х1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|---|---|
| **Обука на администрацијата и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гевгелија** | 12 | 4 | 8 | 11.111 ден. |

Во Општина Гевгелија, на 13.12.2022 година, беше спроведена обука на тема: „Подготовка на Програма за еднакви можности на Општина Гевгелија“, спроведена од „Ехо“ Едукативно-хуманитарна организација од Штип. Обуката, наменета за општинската администрација, како и за членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија, се реализираше во рамки на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.

Имено, при подготовката на Програмата за 2023 година преку Методологијата за родово-одговорно буџетирање беа утврдени приоритетните области и цели, можните решенија и облици на делување и дефинирани родово-сензитивни индикатори од работните групи, како пример за подготовка и на останатите програми кои ги носи Советот на Општина Гевгелија.

## 2. Извршување на предвидениот буџет по активности

| **Активности** | **издвоени средства од Буџетот за 2022 година** |
|---|---|
| Литературен и Ликовен конкурс на тема „Женски права“ | 23.331 ден. |
| Едукација на тема- „Нулта толеранција за родово базирано насилство“ - Кампања против семејно насилство врз жената | 1.500 ден. |
| Обука на администрацијата и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гевгелија | 11.111 ден. |
| вкупно: | 35.942 ден. |

Од проектираниот буџет во висина од 50.000 денари, за реализација на активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите се потрошиле 35.942 денари.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk